# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

# НА

# ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО


| | |
|---|---|
| **ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА** | **Бр. 1 год.21** |


**Општина Чучер - Сандево, јануари 2018 година**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО

| | | |
|---|---|---|
| **Излегува** | **Среда** | **Бр. 1** |
| **по потреба** | **31 јануари 2018 година** | **Год. 21** |


# 1.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02) и член 42 став (1) од Статутот на Општина Чучер-Сандево, ("Службен гласник на општина Чучер-Сандево" бр.2/03), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ, ЗА IV КВАРТАЛ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2017 ГОДИНА**

Се објавуваат **Одлука за усвојување на квартален извештај за IV квартал за извршување на Буџетот на Општина Чучер-Сандево за 2017 година**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **3-та** седница, одржана на **30 јануари 2018** година.

**Бр.09-201/1** — **Општина Чучер-Сандево**
**30.01.2018 година** — **Градоначалник**
**Чучер-Сандево** — **Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа ("Службен веник на Р.М." бр. 5/02), член 32 став 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен веник на Р.М." бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15) и член 23 став 1 алинеја 43 од Статутот на Општината Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.02/03), Советот на Општина Чучер-Сандево на **3-та** седница одржана на **30.01.2018** година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ, ЗА IV КВАРТАЛ, ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2017 ГОДИНА**

1.Се усвојува кварталниот извештај за **IV** квартал, за извршување на Буџетот на Општина Чучер-Сандево за период од **01.01.2017** до **31.12.2017** година.

2.Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Чучер-Сандево за период од **01.01.2017** до **31.12.2017** година, е составен дел на оваа Одлука.

3.Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во "Службен гласник на Општина Чучер-Сандево".

**Бр.01-157/3**
**30.01.2018 година**
**Чучер - Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ацо Ушковски с.р.**

# 2.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02) и член 42 став (1) од Статутот на Општина Чучер-Сандево, ("Службен гласник на општина Чучер-Сандево" бр.2/03), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ОПШТИНСКИТЕ ПАТИШТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2018 ГОДИНА**

Се објавува **Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта на подрачјето на Општина Чучер-Сандево за 2018 година**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **3-та** седница, одржана на **30 јануари 2018** година.

**Бр.09-201/2** **Општина Чучер-Сандево**
**30.01.2018 година** **Градоначалник**
**Чучер-Сандево** **Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М" бр. 5/02), а во врска со член 14 став 4 од Законот на јавните патишта ("Службен весник на Р.М" бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16 ) и член 5 став 1 точка 6 и 8 од Законот за комунални дејности ("Службен весник на Р.М" бр. 95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15 и 31/16) Советот на општина Чучер-Сандево, на **3-та** седница одржана на **30.01.2018** година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ОПШТИНСКИТЕ ПАТИШТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2018 ГОДИНА**

## I.ВОВЕД

Во рамките на надлежностите на општината утврдени со Законот за локалната самоуправа, а операционализирани со посебните закони, е и вршење на работите за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта врз основа на планови и годишни програми.

Работите за изградба на пат, опфаќаат активности сврзани со изградба на патна инфраструктура на претежно нова траса.

Работите за реконструкција на пат опфаќаат активности сврзани со изведување на работи на дел на постојниот пат со кој се менуваат неговите основни карактеристики, со цел да се зголеми нивото на услугата на патот.

Работите за рехабилитација опфаќаат активности за подобрување и зајакнување на коловозната конструкција и објектите на патот (нивелата, одводнувањето, сообраќајната сигнализација и друго), во рамките на постоечкиот пат односно траса на патот.

Работи на редовно одржување на патиштата се сите активности со кои патот континуирано се одржува во функционална состојба и безбедно одвивање на сообраќајот и тоа:

-поправка на коловоз и труп на пат;

-чистење на коловозот, уредување и заштита на банкини и

-одржување на прегледност на патиштата и улиците.

Работите за зимското одржување на патиштата и улиците се активностите за обезбедување на сообраќајот во зимски услови и тоа:

-чистење на снег и мраз од коловозот и

-посипување на коловозите со сол или абразивни средства во осојничавите места, мостовите, стрмнините и на други места при појава на мраз на коловозот.

## II.ЦЕЛ

Цел на програмата е обезбедување на услови за одвивање на безбеден сообраќај по општинските патишта на територија на општина Чучер-Сандево.

## III.ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Предмет на ова Програма се активностите во текот на 2018 година, кои ќе се превземат на планот на изградбата, реконструкцијата, рехабилитација, одржувањето и заштитата на општинските патишта на подрачјето на општина Чучер-Сандево.

## IV.ОБЕМ И ДИНАМИКА НА АКТИВНОСТИ

а).Обем

1. Изградба и реконструкција на општински патишта и тоа:

1.1. улица 9 во с.Мирковци и дел од улица 1 во с.Бразда;

1.2. дел од улица 2 во Чучер-Сандево;

1.3. улици во с.Кучевиште по кои е вршен ископ за канализациона мрежа и тоа:

1.3.1. дел до улица 1;

1.3.2. крак од улица 1;

1.3.3. дел до улица 4;

1.3.4. крак од улица 4;

1.3.5. дел до улица 5;

1.3.6. крак од улица 5;

1.3.7. дел до улица 6;

1.3.8. крак од улица 6;

1.3.9. дел до улица 7;

1.3.10. дел од улица 8 и

1.3.11. крак на улица 8

2. Редовно одржување:

2.1.Крпење на ударни дупки на сите општински патишта

2.2.Кастрење на гранки и сечење на дрвја во заштитниот појас на општинските патишта во должина од 69,8 км.

3.Зимско одржување односно чистење на снег и мраз од коловозот и посипување на коловозите со сол или абразивни средства во осојничавите места, мостовите, стрмнините и на други места при појава на мраз на коловозот на сите општински патишта, а приоритет ќе се даде на патиштата по кои се одвива јавниот превоз и тоа:

-Градски гробишта Бутел-Мирковци-Кучевиште -Побожје

-Мирковци-Бањани

-Горно Оризари- Блаце

-Мирковци-ОУ Александар Урдаревски-Сандево

б) Динамика

Динамиката на реконструкција, рехабилитацијата и редовно одржување се утврдува во зависност од временските услови во текот на годината, со оперативен план на приоритети утврден од Одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој.

Зимското одржување ќе се одвива во зависност од временските услови.

## V.ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Оваа програма ќе се финансира од средствата предвидени во Програмите на Буџетот на општина Чучер-Сандево за 2018 година,

- ЈД-Изградба и реконструкција на локални патишта и улици во износ од 91.360.000,00 денари,

-Ј6-Одржување и заштита на локални патишта и улици и регулирање на режим на сообраќај во износ од 3.500.000,00 денари и

-донации од Светска и Европската банка, преку Министерството за транспорт и врски.

## VI.ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Активностите за изградба и реконструкција, редовно одржување со крпење на ударни дупки на општински патишта и зимско одржување ќе ги извршува Општина Чучер-Сандево, а активностите за редовно одржување со кастрење на гранки и сечење на дрвја во заштитниот појас на општинските патишта ќе се отстапат на ЈКП “Скопска Црна Гора”.

## VII.НАДЗОР

Надзор над спроведувањето на програмата врши Градоначалникот на општина Чучер-Сандево, преку Одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој.

## VIII.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Чучер-Сандево”, а ќе се применува до 31.12.2018 година.

**Бр. 08-157/4**
**30.01.2018 година**
**Чучер - Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Ацо Ушковски с.р.**

# 3.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02) и член 42 став (1) од Статутот на Општина Чучер-Сандево, ("Службен гласник на општина Чучер-Сандево" бр.2/03), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ЗА 2018 ГОДИНА

Се објавува **Програма за заштита и спасување за 2018 година**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **3-та** седница, одржана на **30 јануари 2018** година.

**Бр.09-201/3**
**30.01.2018 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 точка 1 став 15 од Законот за Локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 9 од Законот за заштита и спасување ("Сл.весник на РМ" бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15 и 106/16), Советот на Општина Чучер Сандево донесува

## ПРОГРАМА
### за заштита и спасување за 2018 година

### I.ВОВЕД

Заштитата и спасувањето на граѓаните и материјалните добра подразбира спроведување на едукативни активности и превземање на соодветни мерки и активности за оспособување на субјектите и граѓаните за заштита од природни непогоди и други несреќи кои го загрозуваат животот и здравјето на луѓето и предизвикуваат големи материјални штети.

Основа при определување на задачите за заштита и спасување тргнува од целосна различна природа на предизвиците и заканите со кои се соочуваме. Имено, актуелните ризици и опасности по своја природа се непредвидливи, нивните појавни облици се тешко препознатливи а последиците кои може да ги предизвикуваат се големи.

За организирање на заштитата и спасувањето, особено внимание се посветува на :

-навремена идентификација и процена на веројатноста и интезитетот на потенцијалните ризици и опасности кои можат да ги загрозат граѓаните и материјалните добра;

-нагласеност на превентивната функција и превземање мерки за подготвеност на институциите, заедниците и граѓаните;

-рационалност и ефикасност во искорисување на ресурсите и капацитетите.

Заради комплексноста на загрозувањата кои можат на настанат од природни непогоди и други несреќи, Општината Чучер Сандево потребните активности ќе ги остварува преку: Општинскиот штаб за заштита и спасување и Просторните сили за заштита и спасување како и преку Комисијата за процена на штета од елементарни и други непогоди на територијата на Општина Чучер Сандево формирана од Советот на Општината

Општината Чучер Сандево вложува напори за намалување на ризиците од несреќи со цел обезбедување услови за мирен и безбеден просперитет на своите граѓани.

## II. ЦЕЛИ

-оспособување и опремување на Просторни Сили за заштита и спасување-Универзална единица;

-заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природни непогоди и други несреќи во мир и вонредна состојба;

-создавање на услови и можности за организирано остварување на реалицазија на заштита на луѓето и материјалните добра и

-обезбедување на навремено истакнување на опасноста, благовремено откривање и елиминирање на причините за настанување на сите видови непогоди.

## III. АКТИВНОСТИ

За реализација и остварување на основните цели на ова Програма, активностите на Општината и Советот ќе бидат насочени кон создавање на максимални услови за реализација на програмските определби во доменот на заштита и спасување во услови на разни непогоди, кризни појави и други несреќи.

Општина Чучер Сандево преку оваа Програма за 2018 година во рамките на своите материјални можности ќе обезбеди средства потребни за квалитетна и технички стручно подготвена единица која ќе може брзо и ефикасно да дејствува на целото подрачје на Општина Чучер Сандево а по потреба и во другите општини.

<u>Активност 1</u>

Обука, тренинг и вежби на Просторните сили (Универзална единица со јачина на Вод)

Потребни средства.......................................................................... 5.000,00 денари

<u>Активност 2</u>

Тренинг на силите во основните училишта и вежба со поставено сценарио

Потребни средства.......................................................................... 5.000,00 денари

<u>Активност 3</u>

Набавка на возило за гасење на пожар

Потребни средства.................................................................10.000,00 денари

**III. ФИНАНСИРАЊЕ**

Финансирањето на активностите од обласа на заштита и спасување ќе биде реализирано од Буџетот на Општина Чучер Сандево за 2018 година и од донации.

**Бр. 08-157/5**
**30.01.2018 година**
**Чучер - Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Ацо Ушковски с.р.**

# 4.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/02) и член 42 став (1) од Статутот на Општина Чучер-Сандево, (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево” бр.2/03), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА РЕЗЕРВИРАНИ/ОБЕЗБЕДЕНИ СРЕДСТВА ЗА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2018 ГОДИНА**

Се објавува **Одлука за резервирани/обезбедени средства за експропријација во Буџетот на Општина Чучер-Сандево за 2018 година**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **3-та** седница, одржана на **30 јануари 2018** година.

**Бр.09-201/4**
**30.01.2018 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законорт за локалната самоупрва (“Службен весник на Р.М.” бр.5/02), член 23 од Статутот на Општина Чучер-Сандево, а во врска со член 26 став 1 точка 6 од Законот за експропријација (“Службен весник на РМ“ бр.95/12,131/12, 24/13, 24/14, 104/15, 192/15 и 23/16) Советот на Општина Чучер-Сандево на **3-та** седнца, одржана на **30.01.2018** година, донесе:

## О Д Л У К А
**ЗА РЕЗЕРВИРАНИ/ОБЕЗБЕДЕНИ СРЕДСТВА ЗА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2018ГОДИНА**

### Член 1

Во Буџетот на Општина Чучер-Сандево за 2018 година, се обезбедени/резервирани сресва за експропријација во вкупен износ од 4.000.000,00 денари, расходно конто 485 420 - надомесет за одземен имот, програма ЕА0 - Капитални трошоци на општина.

**Член 2**

Средствата од член 1 на оваа одлука ќе се искористат во постапката за експропријација при реализација на јавен интерес од локално значење.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Чучер-Сандево".

**Бр.08-157/6**
**30.01.2018 година**
**Чучер - Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ацо Ушковски ср.**

# 5.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02) и член 42 став (1) од Статутот на Општина Чучер-Сандево, ("Службен гласник на општина Чучер-Сандево" бр.2/03), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ОПШТИНСКИТЕ ПАТИШТА И УЛИЦИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО 2017 ГОДИНА

Се објавува **Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици на подрачјето на Општина Чучер-Сандево за 2017 година**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **3-та** седница, одржана на **30 јануари 2018** година.

**Бр.09-201/5**
**30.01.2018 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02 ), член 23 став 1 точка 44 од Статутот на општина Чучер - Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.02/03), Советот на општина Чучер-Сандево на **3-та** седница одржана на **30.01.2018** година, донесе

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ОПШТИНСКИТЕ ПАТИШТА И УЛИЦИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2017 ГОДИНА

1.Се усвојува Извештајот за реализација на годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици на подрачјето на Општина Чучер-Сандево за 2017 година, бр.09-137/1 од 16.01.2018 година.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Чучер-Сандево".

**Бр.08-157/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО**
**30.01.2018 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Чучер - Сандево** **Ацо Ушковски с.р.**

# 6.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02) и член 42 став (1) од Статутот на Општина Чучер-Сандево, ("Службен гласник на општина Чучер-Сандево" бр.2/03), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА АНЕКС НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОУ "АЛЕКСАНДАР УРДАРЕВСКИ" САНДЕВО ЗА УЧЕБНАТА 2017/2018 ГОДИНА**

Се објавува **Заклучок за донесување на Анекс на годишната програма за работа на ОУ "Александар Урдаревски" Сандево за учебната 2017/2018 година**, што Советот на Општина Чучер-Сандево го донесе на **3-та** седница, одржана на **30 јануари 2018** година.

**Бр.09-201/6** **Општина Чучер-Сандево**
**30.01.2018 година** **Градоначалник**
**Чучер-Сандево** **Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен веник на Р.М." бр. 5/02), член 23 став (1) точка 44 од Статутот на општината Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.02/03), а во врска со член 35 став 5 од Законот за основно образование ("Службен веник на Р.М." бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 15/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 67/17), Советот на општина Чучер-Сандево на **3-та** седница одржана на **30.01.2018** година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА АНЕКС НА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТАТА НА ОУ "АЛЕКСАНДАР УРДАРЕВСКИ" САНДЕВО ЗА УЧЕБНАТА 2017/2018 ГОДИНА**

1.Советот на општина Чучер-Сандево донесе Анекс на годишната програма за работата на ОУ "Александар Урдаревски" Сандево за учебната 2017/2018 година.

2.Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Чучер-Сандево".

**Бр.08-157/8** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО**
**30.01.2018 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Чучер - Сандево** **Ацо Ушковски с.р.**

# 7.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/02) и член 42 став (1) од Статутот на Општина Чучер-Сандево, (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево” бр.2/03), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА АНЕКС НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОУ “СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ С. КУЧЕВИШТЕЗА УЧЕБНАТА 2017/2018 ГОДИНА**

Се објавува **Заклучок за донесување на Анекс на годишната програма за работа на ОУ “Св. Кирил и Методиј“ с.Кучевиште за учебната 2017/2018 година**, што Советот на Општина Чучер-Сандево го донесе на **3-та** седница, одржана на **30 јануари 2018** година.

**Бр.09-201/7** **Општина Чучер-Сандево**
**30.01.2018 година** **Градоначалник**
**Чучер-Сандево** **Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен веник на Р.М.” бр. 5/02), член 23 став (1) точка 44 од Статутот на општината Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.02/03), а во врска со член 35 став 5 од Законот за основно образование (“Службен веник на Р.М.” бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 15/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 67/17), Советот на општина Чучер-Сандево на **3-та** седница одржана на **30.01.2018** година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА АНЕКС НА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТАТА НА ОУ “СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ” С.КУЧЕВИШТЕ ЗА УЧЕБНАТА 2017/2018 ГОДИНА**

1.Советот на општина Чучер-Сандево донесе Анекс на годишната програма за работа на ОУ “Св.Кирил и Методиј“ с.Кучевиште во учебната 2017/2018 година.

2.Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Чучер-Сандево”.

**Бр.08-157/9** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО**
**30.01.2018 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Чучер - Сандево** **Ацо Ушковски с.р.**

# 8.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/02) и член 42 став (1) од Статутот на Општина Чучер-Сандево, (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево” бр.2/03), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ОПШТИНСКАТА ЈАВНА УСТАНОВА ПАРТИЗАНСКИ ДОМ САНДЕВО, с.САНДЕВО, ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО, РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Се објавува **Одлука за измена и дополнување на Статутот на Општинската јавна установа Партизански дом Сандево, с.Сандево**, што Советот на Општина Чучер-Сандево го донесе на **3-та** седница, одржана на **30 јануари 2018** година.

**Бр.09-201/8** **Општина Чучер-Сандево**
**30.01.2018 година** **Градоначалник**
**Чучер-Сандево** **Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02 ), член 23 став (1) точка 44 од Статутот на Општина Чучер - Сандево ("Службен гласник на општина Чучер-Сандево" бр.02/03) и член 32 став (5) од Законот за установите ("Службен весник на Р.М." бр.32/05, 120/05 и 51/11), Советот на Општина Чучер-Сандево на **30-та** седница одржана на **30.01.2018** година, донесе

## О Д Л У К А

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ОПШТИНСКАТА ЈАВНА УСТАНОВА ПАРТИЗАНСКИ ДОМ САНДЕВО, с.САНДЕВО, ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО, РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

### Член 1

Советот на Општина Чучер-Сандево ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Општинската јавна установа Партизански дом Сандево, с.Сандево, бр.0201-15 од 29.01.2018 година, донесен на седница на Управниот одбор на ОЈУ Партизански дом Сандево, с.Сандево.

### Член 2

Одлуката да се достави на Управниот одбор на Општинската јавна установа Партизански дом Сандево, с.Сандево, Општина Чучер-Сандево.

### Член 3

Ова одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Чучер - Сандево".

**Бр.08-157/10** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО**
**30.01.2018 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Чучер - Сандево** **Ацо Ушковски с.р.**

# **С О Д Р Ж И Н А**

стр

1. **Одлука за усвојување на квартален извештај за IV квартал за извршување на Буџетот на Општина Чучер-Сандево за 2017 година .............1**

2. **Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта на подрачјето на Општина Чучер-Сандево за 2018 година ........................................................ 26**

3. **Програма за заштита и спасување за 2018 година ................................................. 29**

4. **Одлука за резервирани/обезбедени средства за експропријација во Буџетот на Општина Чучер-Сандево за 2018 година ....................................... 31**

5. **Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици на подрачјето на Општина Чучер-Сандево за 2017 година ........................................................ 32**

6. **Заклучок за донесување на Анекс на годишната програма за работа на ОУ "Александар Урдаревски" Сандево за учебната 2017/2018 година ........................................................ 33**

7. **Заклучок за донесување на Анекс на годишната програма за работа на ОУ "Св. Кирил и Методиј" с.Кучевиште за учебната 2017/2018 година ........................................................ 34**

8. **Одлука за измена и дополнување на Статутот на Општинската јавна установа Партизански дом Сандево, с.Сандево ............ 35**